МАКЕДОНИЈА

МКЕДОНИЈА – ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО 2014
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Република Македонија е парламентарна демократија. Претседателот, којшто е избран од народот, е шеф на државата и врховен командант на вооружените сили. Законодавната власт ја врши еднодомниот парламент (Собрание).. Во април, во земјата беа одржани претседателски и парламентарни избори. Мисијата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) изјави дека изборите во април беа спроведени ефикасно, но забележа дека предизборниот период не исполни важни стандарди на ОБСЕ, како што се одвоеност на државата и партијата, обезбедување еднакви можности за натпревар, неутралност на медиумите, точност на гласачките списоци и можноста за исправање на грешки преку делотворна жалбена . Властите одржуваа делотворна контола над безбедносните сили.

Најзначајните проблеми со човековите права произлегуваа од значителните нивоа на корупцијата и од неуспехот на властитеВластите целосно да го почитуваат владеењето на правото, вклучително и преку континуираните усилби за ограничување на слободата на медиумите, мешањето во судството и селективното гонење. Политичкото мешање, неефикасноста, фаворизирањето лица на високи позиции, одолговлекувањето на процесите, прекршувањета на правото на јавно судење и корупцијата го карактеризираа судскиот систем.

Другите проблеми со човековите права регистрирани во текот на годината се однесуваа на: физичко малтретирање на притвореници и затвореници од страна на полицијата и затворските чувари и лоши услови и пренатрупаност во некои затвори во земјата и институциите за ментално здравје; отежнат пристап до правен советник за притворениците и обвинетите; ограничувања на можноста на Ромите да ја напуштат земјата; ограничувања во пристапот до право на азил; семејно насилство врз жените и децата; дискриминација на лица со посебни потреби; дискриминација против Ромите и другите етнички малцинства;општествена дискриминација против лезбијките, хомосексуалците, бисексуалците и транссексуалците (ЛГБТ); и детскиот труд, вклучувајќи го и принудното питачење.

Властите преземаа одредени чекори за казнување на полициските службеници виновни за примена на прекумерна сила, но неказнивоста и понатаму претставува проблем.

Дел 1. Почитување на личниот интегритет, вклучувајќи ја и слободата од:

а. Арбитрарно или незаконско лишување од живот

Немаше извештаи дека властите или нејзините службеници имаат извршено арбитрарни или незаконски убиства.

б. Исчезнување

Немаше извештаи за исчезнувања, политички мотивирани грабнувања или киднапирања.

в. Тортура и други сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување

Законот забранува вакви практики, но сепак постојат веродостојни извештаи дека полицијата лошо постапувала со притвореници и затвореници и дека употребила прекумерна сила при приведување на осомничени за кривични дела.. Во текот на првите девет месеци од годината, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС) при Министерството за внатрешни работи информираше дека примил 52 поплаки против полициски службеници заради употреба на прекумерна сила.. Секторот утврди дека имало основа за поведување кривична постапка против петмина полициски службенци заради прекумерна употреба на сила. Судот допрва треба да донесе одлука за овие случаи. Во 2013 година, Канцеларијата на Народниот правобранител примила 177 поплаки против полициски службеници заради незаконска или прекумерна употреба на сила , за разлика од 220 поплаки примени во 2012. Извештајот на Омбудсманот е од јавен карактер, а достапна е и верзија на англиски јазик.

МАКЕДОНИЈА

Условите во затворите и центрите за притвор

Затворите и центрите за притвор во државата и за двата пола не ги исполнуваа меѓународните стандарди. Проблемите, од кои голем дел беа утврдени во Извештајот на Народниот правобранител за 2013 година, се однесуваа на несоодветно финансирање, пренатрупаност, недостаток на кадар, несоодветна здравствена грижа, насилство меѓу затворениците, заплашување и насилство од страна на вработените, несоодветни капацитети за рехабилитација, недостиг на образовни и рекреативни можности за малолетниците, и според некои извештаи, и сексуална злоупотреба на затворениците. Во притворските одделенија во Скопје и Тетово, притворениците немаа организирани активности, времето што им беше дозволено да го поминат на отворено беше покусо од еден час дневно, , а некои од затворениците поминувале и по 22 часа дневно во затворени простори. Затворските власти бараа спроведување алтернативни санкции според новиот Закон за кривичната постапка за справувањесо пренатрупаноста во затворите.

Според Извештајот на Европската Комсија за 2014 година за напредокот на земјата, годишниот буџет на затворскиот систем во земјата се зголемил на 11 проценти годишно. И покрај ваквото зголемување, некои затвори добиле намалено финансирање и покрај зголемениот број затвореници, па не биле во можност да ги покријат и основните трошоци за одржување, затоа што значителен дел од средствата беше трошен на проекти за изградба на затвори.

Канцеларијата на националниот превентивен механизам при Народниот правобранител истакна дека и покрај бројот на неодамнешни реновирања, повеќето психијатриски болници немале простории за притворање на осуденички со ментална попреченост.

<u>Физички услови:</u> Во земјата има 11 затвори и два посебни поправни домови за малолетници. Од 11-те затвори, два (Идризово и Штип) беа од тип со високо обезбедување. Во шест затвори беа сместувани притвореници во посебни притворски одделенија. И во затворите и во притворските установи, властите ги држеа мажите и жените одвоени. Во октомври, во затворите беа сместени 2,618 возрасни затвореници (од кои што 91 беа жени), деветмина малолетници и 407 притвореници.

Заклучно со август, имаше 12 пријавени смртни случаи во затворските и притворските центри. Седуммина затвореници умреле од природна смрт, тројца во несреќи, а двајца извршиле самоубиство. Затворениците добивале соодветна храна. Имаше извештаи дека во некои затвори немало пристап до вода за пиење. Набљудувачите ги опишаа физичките услови (греење, вентилација, светло) како лоши и проблематични во притворскиот дел во затворот во Шуто Оризари и во некои делови од најголемиот затвор во државата, „Идризово“.

На прес-конференција одржана на 20 октомври, директорката на Хелсиншкиот комитет за човекови права Уранија Пировска, изјави дека затворот во Куманово, кој е изграден во 2013 година, „нема вода за пиење“. Според Хелсиншкиот комитет, лабораториските тестови на водата во Затворот покажале сериозна бактериска загаденост. Министерството за правда ги негираше тврдењата на Хелсиншкиот комитет и тврдеше дека Затворот е изграден во согласност со меѓународните стандарди.

<u>Администрација</u>: Властите сметаат дека евиденцијата во затворите е соодветна, но не секогаш навремена. Министерството за внатрешни работи ја прегледуваше евиденцијата на притворени лица. Властите користат алтернативни мерки на казнување за ненасилните престапници, вклучувајќи и парични казни, условна казна, затвори од отворен тип и домашен притвор. Властите вообичаено на народниот правобранител му овозможуваа пристап до осудените затвореници. Народниот правобранител редовно ги посетуваше затворите во земјата и поставуваше кутии за жалба во секој од објектите. Затворските службеници дозволуваа пристап на посетители. Народниот правобранител истакна дека затворските власти не го попречуваат правото на изразување на верските убедувања и практикувањето верски обреди. Затворениците и притворениците не можеле да поднесат приговори без страв од одмазда. Народниот правобранител ги истражувал сите веродостојни наводи за проблематични услови.

МАКЕДОНИЈА

Независен надзор: Законот дозволува пристап на медицински лица, дипломатски претставници и претставници од Комитетот на Советот на Европа за спречување тортура и Меѓународниот комитет на Црвениот крст до притворените лица, со одобрение од истражен судија. Властите на независните хуманитарни организации вообичаено им дозволуваа пристап до осудените затвореници само по барање на затвореникот.

г. Арбитрарно лишување од слобода или притворање

Иако законот забранува арбитрарно приведување или лишување од слобода, проблеми имаше. Статистичките податоци на властите покажуваа дека обвинителите побарале налог за притворање во речиси 5 проценти од случаите. Активистите за граѓански права тврдеа дека судовите неселективно ги одобрувале речиси сите барања за притвор, без притоа да обезбедат соодветно образложение, како што налага законот.

Улогата на полицијата и безбедносниот апарат

Армијата е одговорна за надворешната безбедност и му одговара на Министерството за одбрана. Националната полиција е задолжена за внатрешната безбедност и му одговара на Министерството на внатрешни работи. Цивилните власти имаа ефективна контрола врз неуниформираната, криминалнистичката и граничната полиција, а властите имаа ефективни механизми за истражување и казнување на злоупотреба и корупција. Сепак, во текот на годината имаше извештаи за неказнување на полициски службеници. Меѓународните набљудувачи, амбасадите и локалните невладини организации (НВО) известуваа за корупција, недостиг на транспарентност и политички притисок во Министерството како пречки во борбата против криминалот, особено, организираниот криминал.

Покрај истрагите за наводи за лошо полициско постапување , СВКПС ги спроведуваш сите внатрешни истраги во врска со наводите на други форми на полициска злоупотреба. СВКПС има овластување да наметне административни санкции во текот на истрагите, како што е привремената суспензија од работа, но не може да изрече дисциплински мерки за кои се бараа одлука од дисциплинската комисија, или посериозни кривични санкции, за кои бараат судска постапка. .

Службените лица на СВКПС покажаа поголема ефикасност во спроведувањето на интерните истраги, но и натаму постои загриженост околу малиот број завршени истраги и отсуството на обвиненија во случаите со човековите права од минатите години.

Процедури за лишување од слобода и третман за време на притвор

Според Законот за кривичната постапка што се применува од декември 2013 година, за да се лиши осомничено лице од слобода или да се притвори, потребен е налог издаден од судија врз основа на докази, и полицијата главно ја почитувала оваа одредба. Законот вели дека обвинителите мора да го изведат притвореното лице пред судија во рок од 24 часа по апсењето. Судија на претходната постапка, по барање на обвинителот, може да нареди притвор за осомничените до 72 часа пред подигнувањето на обвинението. Полицијата главно се придржувала до овие процедури. Властите генерално ги известувале притворениците за обвиненијата против нив. Притворот пред подигнувањето на обвинението може да трае најмногу 180 дена. По поднесувањето на обвинителниот акт, максималното времетраење на притворот е две години.

Во поголем дел од предметите, судот се придржувал до законските процедури за притвор. Во мал број предмети кои добија голем интерест во јавноста, постоеше загриженост дека судовите не покажале доволна независност од обвинителството при одобрување на барањата за притвор пред и за време на судските процеси. Судовите понекогаш не даваа соодветно образложение за продолжување на притворот.

Постои функционален систем на кауција. . Законот дозволува притворените да комуницираат со правен застапник по свој избор, но Властите не секогаш правилно ги информираа

МАКЕДОНИЈА

притворените за нивните права, и не секогаш им овозможуваа консултации со адвокат пред подигнување на обвинението. Притворените лица со слаба материјална состојба имаат право на адвокат кој им го обезбедува државата, и властите генерално го почитуваа ова барање. За да се подигне квалитетот на правната одбрана, Иницијативата за владеење на правото при Американската адвокатска асоцијација соработуваше со Македонската адвокатска комора во во одржувањето обуки за адвокати за новиот Закон за кривичната постапка, како и за притворот пред судење, спогодување со судот и судечките вештини. Судиите вообичаено им дозволувале на адвокатите да ги посетат своите клиенти во притвор. Имаше извештаи дека полицијата продолжувала да ги повикува осомничените и сведоците во полициските станици на „информативни разговори“, без да ги извести за нивните права и без присуство на правен советник. Земјата не практикува притвор во изолација. Властите понекогаш ги држеле осомничените во куќен притвор.

Уапсените осомничени, нивните адвокати или членовите на блиското семејство можат да поднесат претставка до судот за да одлучи за законитоста на нивниот притвор или да бидатослободени по наредба на судот, како и да добијат обештетување за лица што биле незаконски притворени.

д. Лишување од правото на правично јавно судење

Несоодветното финансирање на судството продолжи да ја попречува работата на судовите и нивната делотворност. Одреден број судии ја обвинија Владата дека ја користи буџетската надлежност за да врши контрола врз судството.

Според извештајот на Народниот правобранител, најголемиот број претставки од граѓаните упатени до Народниот правобранител се однесувале на судскиот систем. Во извештајот се наведува дека пристапот до правдата и понатаму е тежок. Покрај тоа, значителен дел од судскиот буџети бил наменет за плаќање оштета за кршење на правото на граѓаните на судење во разумен рок. Според извештајот, судските одлуки понекогаш значително доцнеле поради административни слабости.

Судски постапки

Новиот Закон за кривичната постапка ја уредува постапката за заштита на обвинетите и жртвите. Во месец мај, земјата усвои упатствата за казнување чија цел беше да се справат со неконзистентноста во казнувањето помеѓу различни судови.

Законот пропишува дека обвинетите се сметаат за невини додека не се докаже нивната вина. Обвинетите имаат право да бидат навремено и детално информирани за обвиненијата (со бесплатно толкување, доколку е потребно), но властите не секогаш го почитувале ова право. Судењата вообичаено беа отворени за јавноста, но честопати и одложувани.
Законот им обезбедува на обвинетите и нивните бранители пристап до информации што ги поседуваат властите. Сепак, во некои случаи, адвокатите на одбраната изјавуваа дека оказите на обвинителството не ги добивале на на време, со што била попречена нивната подготвеност да ги бранат своите клиенти.

Адвокатите на одбрана и активистите за човекови права тврдеа дека затварањето за јавнопст на значителни делови на некои високо-профилни судски процеси за да се заштити тајноста на сведоците, ја намали транспарентноста и придонесе за намалување на јавната доверба во судовите, особено кај етничкото албанско население. На пример, во случајот „Монструм“, во кој шестмина етнички Албанци во јуни 2012 беа осудени на доживотен затвор за убиство на петмина етнички Македонци, некои од судските рочишта беа затворени за јавност, што јавноста ја лиши од пристап до голем дел од доказниот материјал. Некои организации за човекови права и многу етнички Албанци беа скептични дека правото на фер судење било испочитувано, по што следеа повеќе протести, од кои некои беа насилни.
Во државата не се користи порота, но кај некои кривични и граѓански постапки се користи совет составен од три или пет лица, кои ги предводи професионален судија.

МАКЕДОНИЈА

Властите не секогаш им овозможуваа доволно време и средства на обвинетите за да ја подготват одбраната и да добијат пристап до докази во владение на Властите. Обвинетите може да распрашуваат сведоци и да изнесуваат докази во свое корист. Властите не смеат да ги присилуваат обвинетите да сведочат или да признаат вина. И обвинителството и обвинетите имаат право на жалба против пресуда.

Политички затвореници и притвореници

Во текот на годината неколку случаи предизвикаа меѓународна критика и загриженост заради селективната правда.

Во мај, членот на Советот на Општина Центар, Мирослав Шиповиќ, беше ослободен по повеќе од седуммесечен притвор; неговото затворање за корупција на опозицијата и' го одзеде на мнозинскиот глас, што предизвика загриженост дека неговото апсење беше политички мотивирано. Политичката контрола врз Скопје – Центар се сметаше за прашање од големо значење, затоа што тоа е една од четирите општини населени со етнички Македонци коишто се под контрола на опозицијата и претставува централна општина во главниот град каде што е сместен најголемиот дел на министерства и јавни споменици, што на Општината и дава важна политичка симболика и приходи.

Во мај, Дејан Ставриќ, лекар кој го предводеше 52-дневниот штрајк на лекарите против Министерството за здравство во 2012, беше осуден за земање поткуп од пациент во износ од 2000 евра (2500 американски долари) и беше осуден на казна затвор од една година, по поминати 22 дена во притвор и едно-дневен судски процес, и двата невообичаено кратки. Ставриќ беше ослободен со гаранција и очекува пресуда по жалбена постапка.

Граѓански судски постапки и правни лекови

Граѓаните имале пристап до судовите за да поднесат тужби со кои бараат оштета за прекршувањето на човековите права. Поединци можат да пријават случаи на прекршување на човековите права во кривичните, граѓанските или управните судови, во зависност од видот на прекршувањето и на сторителот на наводната повреда. Поединци, исто така, можат да поднесат жалба на одлуките. Законот предвидува право на судење во разумен рок и нуди правна основа за започнување постапка за прекумерни судски оддложувања до Врховниот суд. Властите генерално се придржувала до граѓанските одлуки на домашните судови.

Регионални судски одлуки за човековите права

Поединци може да поднесат жалба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во врска со случаи во коиштодржавата наводно ја прекршила Европската конвенцијата за човекови права откако ги исцрпиле сите домашни правни можности. Според владиниот извештај, Властите постигнале напредок во спроведувањето на одлуките на ЕСЧП во случаите кои биле предмет на набљудување, но некои случаи и понатаму беа предмет на одолговлекување, особено по однос на правото на обвинетите на судење во разумен рок и кај случаите со неправилно притворање.

ѓ. Арбитрарно мешање во приватноста, семејството, домот или во преписката

Законот забранува такви активности и немаше извештаи дека Властите не ги почитувала овие забрани. Сепак, членството во една од партиите на власт стануваше се' по доминантен услов за вработување во јавната администрација (видете дел 3, Политички партии и политичко учество).

Властитетепродолжија да ја користат „лустрацијата“ – чијашто првична цел беше јавно да ги идентификува лицата кои соработувале со тајните служби во комунизмот и да им забрани јавни функции и други владини бенефициии – за напади врз политички противници и нелојални поранешни соработници.

МАКЕДОНИЈА

Владината Комисија за лустрација, формирана во 2012 година, продолжи да ги објавува досиејата на поранешните полициски доушници на интернет. Заклучно со август, Комисијата во лустрацискиот регистар (регистар на соработниците на поранешната тајна полиција) на интернет објави 74 досиеја и наведе 138 лица, од кои 89 со име и презиме, а 49 анонимно.

Прегледувањето на случаите од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права од претходната година откри дека околу една третина од тогашните деведесет идентификувани лица всушност повеќе биле жртви на југословенската тајна полиција, отколку што биле полициски информатори.

Според Законот, властите можат да идентификуваат/лустрираат лица за соработка која се случила до 2006 година, 15 години по распадот на Југославија и годинаво која сегашната владејачка коалиција стапи на должност. На 9 април, Уставниот суд го прогласи Законот за лустрација за уставен; а претходно во два наврати ги прогласи претходните верзии на Законот за неуставни.

Во октомври, Вишиот управен суд ги одби жалбите на 24 лица кои се жалеа на одлуките на Комисијата за лустрација. Набргу по таквата одлука, претседателот на Комисијата испрати писма до бројни јавни институции, како универзитети и до Македонската академија на науки и уметности, со кое им даде упатство да ги отпуштат оние за кои Комисијата смета дека биле поранешни информатори на полицијата. Одреден број тужби со кои се оспоруваа одлуките на Комисијата за лустрација се заглавени со месеци во Управнит суд.

Дел 2. Почитување на граѓански слободи, вклучувајќи:

а. Слободата на говорот и печатот

Уставот предвидува слобода на говорот и на печатот, меѓутоа, притисокот на власта врз медиумите останува проблем. Во текот на годината имаше многубројни тврдења дека властаселективно гони личности од опозицијата и од медиумите и се меша во случаи со клевета од висок профил покренати од високорангирани владини лица.

Многу членови на медиумската заедница, како Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) честопати ја обвинуваа власта за непочитување на слободата на говорот и печатот.

Слобода на говорот: Законот забранува говор кој поттикнува национална, верска или етничка омраза, и предвидува казни за прекршувањата. Поединци можат да ја критикуваат власта јавно или приватно, но постојат веродостојни извештаи дека власта се обидувала да ја попречи критиката во медиумите, преку насочување на откупувањето рекламен простор кон провладините медиуми. Според Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Владата беше најголемиот закупец на рекламен простор во приватните медиуми со национална покриеност.

Слобода на печатот: Поединци или организации кои се сметаа за блиски до сегашната власт се главно сопственици на главните медиуми. Многу мал број на независни медиуми активно изразуваа различни ставови без ограничување. Медиумите и медиумското известување продолжија да бидат поделени по политички и етнички линии. Истите закони кои го ограничуваат говорот за предизвикување национална, верска или етничка омраза важеа и за медиумите. Главните медиуми ретко ја критикуваа Владата. Владата беше најголемиот купувач на реклами во земјата, со што многу медиуми беа финансиски зависни од неа, а со тоа и с предмет на притисок да не објавуваат критички ставови кон неа. Според финалниот извештај на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, за време на претседателските и на парламентарните избори во текот на пролетта, поголемиот дел од набљудуваните медиуми покажаа значителна пристрасност кон владејачките партии.

Во јануари, Собранието изгласа амандмани на законите за медиуми од декември 2013 година, изземајќи ги интернет-порталите од условите за регистрација кај властите. Со измените и дополнувањата беше подобрена усогласеноста со стандардите на ЕКЧП за цензура на

МАКЕДОНИЈА

медиумите и беше додадено дополнително место во на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со што ЗНМ доби можност да има свој претставник. ЗНМ ги окарактеризира измените како чекор напред и изрази надеж дека власта ќе ги реши останатите проблеми со слободата на медиумите , вклучувајќи ги и владините реклами, независноста на јавниот радиодифузен сервис МРТ и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и претерано високите парични казни за медиумите во новите закони за медиуми.

Претставничката на ОБСЕ за слобода на медиумите, Дуња Мијатовиќ, ја истакна потребата од инклузивна и ефективна примена на новото медиумско законодавство. Исто така, таа изрази загриженост по однос на владиното трошење пари на рекламирање и граѓанските случаи за клевета шторезултираа со диспропорционално високи глоби за медиумите. Мијатовиќ, исто така, побара воспоставување независно и инклузивно тело за саморегулирање.

Во јули, Собранието повторно го измени Законот за медиуми преку итна постапка, со што на двете најголеми новинарски здруженија, ЗНМ и Македонската асоцијација на новинари (МАН) им се овозможи да номинираат по еден претставник во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. ЗНМ ја критикуваше нејасната итна постапка и недостигот на учество од засегнатите страни, наведувајќи дека вистинска причина за амандманот беше зголемување на владината контрола преку обезбедување место за МАН која се смета за провладина.

Насилство и малтретирање: Новинарите продолжија да известуваат за притисоците за усвојување на провладини ставови во известувањето или да се соочат со ризик на губење на работните места. Неколку новинари, кои наводно не се придржувале до владините упатства, како главниот и одговорен уредник на „Нова Македонија“, беа разрешени, наводно од политички причини.

На 16 април, Уставниот суд пресуди дека насилното отстранување на новинарите од галеријата на Собранието во текот на препирката во 2012 - кога припадници на безбедносните сили ги отстранија членовите на опозицијата на Собранието (пратеници) од пленарната сала – било направено за сопствената безбедност на новинарите и резултирало со повторно воспоставување на редот во Собранието. Пресудата беше донесена по 14 месеци откако одделни новинари на ЗНМ и неколкумина независни новинари поднесоа претставка за кршење на слободата на изразување во февруари 2013 година. Хелсиншкиот комитет за човекови права воМакедонија изјави дека одлуката на Уставниот суд го пресликува образложението за акцијата коешто го дадоа пратениците на владејачката коалиција, со што се зголеми перцепцијата дека судот не бил независен од извршната власт. Центарот за развој на медиумите на Македонија, исто така, тврдеше дека одлуката на Уставниот суд е политички мотивирана.

Томислав Кежаровски, новинар кој во 2013 беше осуден за откривање на идентитетот на заштитен сведок и казнетна затворска казна од четири и пол години, продолжи да ја издржува казната во домашен притвор во очекување одлука по жалбата. Соред Кежаровски, судот не одговорил навремено на барањето на адвокатот за вршење медицински прегледи надвор од установата, поради што морал да добие подстандрадна медицинска нега во домашни услови. И неговиот шестмесечен притвор и невообичаено долгата затворска казна, за кои бројни домаши и странски аналитичари ја сметааза прекумерна, предизвикаа силно негодување од страна на претставниците на ОБСЕ за слобода на медиумите, Европската федерација на новинари, НВОа и новинарски здрженија.

Цензура или ограничувања на содржината: Имаше извештаи дека власта вршела притисок врз новинарите и ги присилувала да практикуваат самоцензура. Новинарите известуваа за далеку поголема самоцензура при известувања за прашања чувствителни за власта. Приватните медиуми тврдеа дека на рутинска база добивале повици од највисоките нивоа на власта со налог како и што да известуваат во врска со политичките прашања.

Закони за клевета/национална безбедност: Лицата прогласени за виновни за клевета, нарушување на угледот и навреда беа парично казнети според тарифникот за глоба за нематеријална штета. Некои уредници и сопственици на медиумите изразија загриженост

МАКЕДОНИЈА

дека острите казни ќе ја промовираат самоцензурата. Имаше извештаи дека власта го користи законот како алатка против политичките противници. Во септември, во Скопје, Апелацискиот суд ја потврди одлуката на скопскиот Основен суд донесена во јануари, со која на згаснатиот дневен весник „Фокус“ му се наложува да плати 9.300 евра (11.625 американски долари) како надомест за „нарушување на угледот“ на директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, Сашо Мијалков, заради објавување цитати од поранешен македонски амбасадор во Чешката Република со кои се доведува во прашање карактерот на зделките на Мијалков во Чешката Република.

На 3 септември, Основниот суд Скопје издаде наредба со која лидерот на опозициската политичка партија Зоран Заев треба да му исплати на премиерот Никола Груевски 50.000 евра (62.500 американски долари) за „нарушување на угледот и честа“, заради тврдењето дека во 2004 Груевски ја злоупотребил својата службена позиција за да добие 1,5 милиони евра (1,88 милиони американски долари) од продажбата на „Македонска банка“. Адвокатите на Заев го критикуваа Судот затоа што без образложение одбил да одобри релевантни докази во одбрана на Заев.

Слобода на интернетот

Властите не го ограничуваа ниту го нарушуваа пристапот до интернет, ниту пак ги цензурираа содржините објавени на интернет, па немаше веродостојни извештаи дека Властите ја следат интернетската комуникација без судски надзор. Државниот завод за статистика процени дека 65 проценти од населението користеле

интернет во 2013 година, што е повеќе за 63 проценти од претходната година.

Академска слобода и културни збиднувања
Немаше владини рестрикции на академската слобода или културните збиднувања.

б. Слободата на мирно собирање и здружување

Законот предвидува слобода на собирање и властите генерално го почитувале ова право.

в. Слобода на религијата

Видете го Меѓународбиот извештај за верски слободи на Стејт департментот www.state.gov/religiousfreedomreport/.

г. Слобода на движење, внатрешно раселени лица, заштита на бегалци и лица без државјанство

Законот предвидува слобода на движење во границите на државата, патување во странство, емиграција и репатријација, и властите генерално ги почитувале овие права.
Властите соработуваа со Канцеларијата на високиот комесар на ОН за бегалци , (УНХЦР) и други хуманитарни организации во обезбедување заштита и помош на внатрешно раселените лица, бегалците, повратниците, барателите на азил, лицата без државјанство и други засегнати лица.

Патувања во странство: Законот им дозволува на властите да спречат излез на поединци за кои постои сомневање дека им наштетуваат на надворешните односи на земјата преку злоупотребана безвизниот режим. Како одговор на барањето на ЕУ да се намали бројот на барателите на азил кои доаѓаат од Македонија, властите спроведоа стратегија со која се ограничуваше излезот од земјата на потенцијални баратели на азил. Како дел од овие напори, од јануари до август, граничните власти им одбија излез на 3.686 лица, главно Роми, за кои властите се сомневаа дека ќе бараат азил во ЕУ. На 28 мај, судот во Скопје пресуди дека Министерството за внатрешни работи ги прекршило граѓанските права на граѓанин- Ром со тоа што го спречила да излезе од Македонија - ова беше прва одлука од ваков вид. Судот одлучи дека граничните власти делувале исклучиво врз основа на етничката припадност на тужителот.

МАКЕДОНИЈА

Внатрешно раселени лица (ВРЛ)

Властите известија дека 229 лица сеуште се водат како раселени од внатрешниот конфликт во 2001 година, од кои 56 живеат во колективни центри, а 173 во семејства-домаќини. ВРЛ добиваа основна помош претежно од Министерството за труд и социјална политика, но имаа многу мала можност за вработување заради високата стапка на невработеност во дражавата (официјално од 28 проценти во првиот квартал на годината).

Во текот на годината, властите ги охрабруваа ВРЛ да се вратат во своите домови кои се во области за кои властите сметаа дека се безбедни. Некои од внатрешно раселените лица и натаму тврдеа дека властите не обезбедиле доволна поддршка процесот на враќање.

Заштита на бегалците

Пристап до азил: Законот обезбедува можност за одобрување азил или бегалски статус, и властите имаа воспоставено систем со кој се обезбедува заштита на бегалците. УНХЦР извести дека механизмот за утврдување на статусна бегалец не успева да обезбеди основни процедурални гаранции и соодветна припадност како што налага законот. Властите продолжија да ги одбиваат барањата за азил, најмногу врз основа на тоа дека барателите претставуваат закана за националната безбедност. Властите не одбија ниту едно барање врз расна основа или врз основа на земјата на потекло.

Пристигнувањетот на мигранти од надвор од регионот, првенствено од Сирија и Авганистан, продолжи да расте. Недостатокот на квалификувани толкувачи од паштунски, дари или од арапски јазик ги отежнуваа распитите и идентификацијата. Повеќето азиланти ја напуштаа земјата во рок од неколку недели по поднесувањето на барањето за азил. До крајот на август, биле поднесени 594 барања за азил.

Властите им издаваа документи за идентификација на лицата со признат статус на бегалец и на други лица со статус на супсидијарна заштита, но притоа властите често одолговлекуваа или не успеваа да им издадат документи на новите баратели на азил. Иако власта имаше воспоставено формален систем на назначување старатели на малолетните деца, во практика не назначи ниту еден старател за придружување на малолетно лице барател на азил. Според законот, на барателите на азил вообичаено им се обезбедува сместување, бесплатна правна помош, основни здравствени услуги и осигурување, социјална заштита, право на барање на вработување, и образование. Штом барателите на азил добијат бегалски статус, тие ги имаат истите права како и граѓаните, иако не смеат да гласаат, да основаат политичка партија или да служат во армијата.

Трајни решенија: Заклучно со септември, само 70 од 2.242 баратели на азил, бегалци, лица под супсидијарна заштита и други засегнати лица (од кои, приближно 900 беа Роми) коишто дошле од Косово по конфликтот во 1999 година, се вратиле во Косово, додека 126 лица чекаа да се вратат. УНХЦР и продолжи да им помага на одбиените баратели на азил од Косово, на кои властите им дозволија престој во земјата. Властите им издаваа привремени документи за идентификација за да им се овозможи пристап до услугите. Министерството за труд и социјална политика обезбеди интегрирани, трајни решенија со поддршка на УНХЦР, за 600 бегалци кои побарале интеграција во државата.

Дел 3. Почитување на политичките права: правата на граѓаните да ја менуваат својата влада

Според Уставот, граѓаните имаат право да ја променат својата влада преку право да гласаат на слободни и правични избори, и граѓаните го вршеа ова право на избори засновани на општото избирачко право.

Избори и учество во политиката

Неодамнешни избори: Во април во државата се одржаа претседателски и парламентарни избори со висок одзив на гласачите и само мал број потврдени инциденти. ОБСЕ/ОДИХР известија дека изборите биле „ефикасно спроведени, кандидатите биле во можност да ја

МАКЕДОНИЈА

водат кампањата без опструкции, а била почитувана и слободата на собирање и здружување", но истакнаа дека предизборниот период не успеа да ги исполни важните заложби на ОБСЕ, како што се раздвоеноста на државата и партијата, обезбедување рамноправност на учесниците, неутралност на медиумите, точност на избирачкиот список, како и по однос на можноста за делотворна жалбена постапка. Според ОБСЕ/ОДИХР, во текот на кампањата постојано беа изнесувани наводи за заплашување на гласачи. Беа забележани одредени процедурални неправилности во текот на гласањето, како на пример проблеми со тајноста на гласањето, неправилно запечатување на гласачките кутии и случаи на семејно гласање.

Политички партии и политичко учество: Во текот на годината, владејачката коалиција доминираше и манипулираше со медиумите. Членувањето во една од партиите на власт подразбираше одредени предности, и имаше масовни известувања дека членувањето во партијата имало влијание врз вработувањата во администрацијата, вклучувајќи ги тука и наставниците, па дури и помошниот персонал. Имаше и нарушувања на можностите на опозициските партии да ги објават своите ставови. ОБСЕ и Меѓународната мисија за набљудување на изборите ОДИХР утврдија дека поголемиот дел од набљудуваните медиуми биле значително пристрасни во користвладејачката партија и кон нејзиниот претседателски кандидат, а противглавната опозициска партија и нејзиниот кандидат. ОБСЕ/ОДИХР, исто така, утврдија дека медиумите честопати не успеале да направат разлика во известувањето за официјалните лица во нивната функција на министри и како кандидати.

Учество на жените и малцинствата: Во Собранието, коешто брои 123 членови, имаше 42 жени и две жени во Советот на министри (Владата), кој брои 26 члена. Законот бара родова разновидност во кандидатските листи на секоја од политичките партии и на кои што не смее повеќе од две третини од кандидатите да бидат од ист пол. Шеесет проценти од судиите беа жени, но само четири од вкупно 81 градоначалник во земјата се жени.

Во Собранието имаше 27 етнички Албанци, двајца етнички Срби, еден етнички Бошњак, двајца етнички Турци и еден етнички Ром. Во 26-члениот Совет на министри (Владата) имаше 10-минаприпадници на малцинските заедници.

Дел 4. Корупција и недостаток на транспарентност на власта ласта

Законот предвидува кривични казни за корупција кај службените лица, меѓутоа имаше извештаи дека службени лица неказнето се занимавале со корупција.

Корупција: Во текот на годината имаше веродостојни тврдења дека власта се вмешувалаво случаи на злоупотреба на службената должност од висок профил или дека ја злоупотребила службените позиции за да ги заплаши лидерите на опозицијата. Корупцијата во полицијата и судството и понатаму се проблем.

Во јуни, Јавното обвинителство објави дека нема да подигне обвинение за измама поднесено од опозициската Социјалдемојратскиот сојуз на Македонија (СДСМ) против премиерот Груевски. Зоран Заев, лидерот на СДСМ, поднесе експертско мислење до главното Јавно Обвинителство за контроверзните аудиоснимки, наводно на премиерот, коишто се однесуваат на продажбата на „Македонска банка“ во 2004. СДСМ тврдеше дека Груевски незаконски се здобил со корист од продажбата, но Обвинителството сметаше дека нема потреба од понатамошна истрага заради промените во сопственичката структура на „Македонска банка“. Јавниот обвинител, исто така, тврдеше дека нема доволно докази за да наложи истрага. СДСМ, пак, тврдеше дека обвинителот во овој случај сакал да го заштити Груевски од кривична одговорност. Како одговор на наводите на Заев, во април Груевски поднесе тужба против Заев за нанесена клевета (видете дел 2а).

На 2 септември, Апелацискиот суд ја потврди пресудата од 2008 година против поранешниот премиер од СДСМ, Владо Бучковски, за злоупотреба на службената должност. Апелацискиот суд во Скопје ја укина пресудата од 2009 и го врати случајот на повторно судење. Правни аналитичарите ги наведуваа случаите на Бучковски и Груевски како примери на селективно применување на законот.

МАКЕДОНИЈА

На 8 октомври, властите уапсија 14 судии за прекршоци и 11 стручни соработници, наводно поради неуспехот да ги процесираат паричните казни за осудените во прекршочни предмети. Според Јавното обвинителство, обвинетите му нанеле штета на државниот буџет од 1,5 милиони долари поради тоа што не успеале да процесираат околу 8.000 пресуди за парични казни пред да истече рокот за застареност.

Пријавување на имотната состојба: Законот за борба против корупција налага избраните и именуваните службеници и нивното потесно семејство да ги откријат своите приходи и имот и за непочитување на законот се предвидуваат санкции. Државната комисија за спречување на корупцијата и судир на интереси е одговорно тело за надгледување на процесот на пријавување на имотот како и за поплаки за корупција од страна на граѓаните, но таа не обезбеди целосно систематско проверување на имотот, обврските, изјавите поднесени од службените лица, нивните сопружници и децата под нивно старателство. Јавноста можеше да има увид во декларациите за приходи и имот на избраните службеници и нивните семејства бидејќи беа објавени на веб-страницата на Комисијата. Непостоењето регистар на именувани и назначени функционери и понатаму ја отежнува ефективната контрола на имотот, како и надзорот врз судирот на интереси.

Во текот на првите шест месеци од годината, Комисијата пријави два случаја во Обвинителството за злоупотреба на јавните фондови. Во еден случај, Комисијата започна постапка за отповикување на службено лице. Комисијата прими и изврши проверка на 533 изјави за конфликт на интереси кај јавни службеници и утврди дека конфликт на интереси имало во 53 случаи. Сè уште се чека разврската на овие случаи.

Пристап на јавноста до информации: Иако законот обезбедува пристап на јавноста до владините информации, пристапот на граѓаните и медиумите до информации за владините финансиски зделки и договори за јавни набавки остана ограничен. Властите се осврнаа на ова прашање во својот Акциски план за отворено владино партнерство (ОВП), усвоен од во мај. ОВП е мултилатерална инцијатива чија цел е да обезбеди сигурна заложба на владите да ја промовираат транспарентноста, да го зајакнуваат учеството на граѓаните, борбата против корупцијата и да ги користат новите технологии во зајакнување на владеењето. Голем број граѓански друштва и медиуми се пожалија дека властите честопати ги игнорираат барањата за пристап до информации повикувајќи се на законот за слобода на информациите.

Дел 5. Односот навластите по меѓународните и невладините истраги за наводни кршења на човековите права

Одреден број домашни и меѓународни групи за човекови права генерално работеа без ограничувања од Властите, истражувајќи и објавувајќи ги своите наоди за случаите со човековите права. Владините службеници често беа кооперативни во сослушувањето на овие групи, но често не даваа одговор на нивните ставови.

Владини тела за човекови права: Народниот правобранител работеше на заштитата на граѓаните против кршењето на нивните права од страна на јавните институции, на намалувањето на дискриминацијата против малцинските заедници и лицата со посебни потреби, на промовирање на правичната застапеност во јавниот живот и на правата на децата. Народниот правобранител извести за добра соработка и комуникација со властите, но забележа дека владините одговори на неговите барања иако навремени, често биле неиздржани и понекогаш не ги содржеле бараните информации.

Меѓуминистерското тело за човекови права, чиј претседавач е министерот за надворешни работи, Никола Поповски, ги испитуваше проблемите коишто се однесуваа на промовирањето на човековите права и слободи според меѓународните договори за човекови права усвоени од страна на земјата.

Седумчлената државна Комисија против дискриминација има мандат да ги разгледува поплаките против дискриминација, да издава препораки и да го промовира спроведувањето на Законот против дискриминација. Комисијата нема мандат да ги казнува прекршителите. До

МАКЕДОНИЈА

септември таа имаше примено 73 поплаки, а за четири од нив утврди дискриминација. Комисијата беше сместена во канцеларии коишто не беа пристапни за лица со физичка попреченост. За разлика од народниот правобранител, Комисијата разгледуваше поплаки и од јавниот и од приватниот сектор, иако широката јавност и понатаму во значителна мерка не свесна за постоење на Комисијата. Граѓаните коишто се незадоволни со исходот од поплаката, можат да вложат правен лек на суд, кој може да го прифати писменото мислење од Комисијата како доказ.

Дел 6. Дискриминација, социјална злоупотреба и трговија со луѓе

Уставот и законите забрануваат дискриминација врз основа на возраст, пол, раса, инвалидизираност, јазик, родов идентитет, религија и етничка, социјална или политичка припадност; се предвидуваат парични казни кои се движат од 400 до 1.000 евра (од 500 до 1250 американски долари) за физички или правни лица прогласени за виновни за дискриминација. Властите, генерално, ги применуваша овие забрани. Народниот правобранител истакнува дека постоела дискриминација во сите сфери во општеството, особено кај правото на вработување, врз основа на етничката припадност и политичката припадност.

Жени

Силување и семејно насилство: Силувањето, вклучувајќи го и брачното силување, е противзаконски. Казните за силување се движат од една до 15 години затвор, но овие закони слабо се применуваа. Според Министерството за внатрешни работи, во споредба со 2012 година, случаите со силување бележат пад од 11,6 проценти, додека бројот на сексуални напади врз децата пораснал за 47 проценти. Домашното насилство е противзаконско, но и понатаму преставува постојан и вообичаен проблем. Културните норми, вклучувајќи ја и загриженоста на жртвите да не му нанесат срам на семејството, го обесхрабруваа жените да го пријавувуваатнасилството и да поднесувааат кривични пријави. Полицијата и судството беа неволни да гонат брачно силување и и домашно насилство, па многу жртви не го пријавува поради страв од општествена стигма.

Властите раководеа со седум засолништа со ограничени капацитети, а една НВО управуваше засолниште за жени под ризик, чиј капацитет беше најмногу 30 жени. Една национална невладина организација управуваше со телефонска линија на македонски и на албански јазик и со два кризни центра за привремено засолниште за жртвите на семејно насилство. Локалните невладини организации за борба против семејното насилство во голема мера се потпираа врз меѓународни донации.

Осакатување/отсекување на гениталии кај жените: Нема закони што го забрануваат ова, но нема информации дека постои ваква практика.

Сексуално вознемирување: Законот забранува сексуално вознемирување на работното место и упатува на казна од три месеци до три години затвор. Сексуалното вознемирување на жените на работното место беше проблем, а жртвите генерално, не пријавуваа вакви случаи поради страв од публицитет и можно губење на работното место.

Репродуктивните права: Двојките имаат право да одлучуваат слободно и одговорно за бројот, планирањето и временскиот распоред кога ќе имаат деца, како и да имаат начин да го направат тоа со право на највисок стандард на здравствена нега, на начин кој исклучува дискриминација, принуда и насилство. Жените од руралните подрачја имаа ограничен пристап до советувалиштата за планирање на семејството и до гинеколошките ординации, бидејќи и едните и другите претежно се лоцирани во гинеколошките болници во урбаните средини. Жените – Ромки генералноимаа најслаб пристап до советувалиштата за планирање на семејството и до гинеколошките услуги, бидејќи голем дел од нив немаа лични карти коишто се неопходни за да се добијат владините услуги, како што се здравствените.

МАКЕДОНИЈА

Дискриминација: Жените имаат ист правен статус како и мажите со Законот за семејство, Законот за наследување, како и во судскиот систем. Активистите за женски права известуваа дека жените коишто поседуваат имот и бизниси не беа соодветно застапувани и истакнаа одредени видови родова дискриминација коишто се специфични за одредени индустриски гранки. Жените - Ромки немаа еднакви можности за вработување и образование поради традиционалните или религиозните ограничувања во нивното образование и улогата во општеството (видете дел 7 г). Во некои албански и ромски заедници, практиката мажите да раководат со гласањето или да гласаат во име на женските членови на семејството ја обесправуваа жената.

Деца

Пријавување на раѓањето: Законот го определува државјанството првенствено врз основа на државјанството на родителите. Тој, исто така,му овозможува стекнување на државјанство на дете родено на територијата на земјата од непознати родители, ако властите не утврдат дека родителите биле странци пред детето да достигне возраст од 18 години. Сите деца родени во болниците и медицинските установи се пријавуваат автоматски, а законот бара сите деца, вклучувајќи ги и оние родени дома или на друго место, да бидат евидентирани во матичната служба во рок од 15 дена од денот на раѓањето. Некои ромски семејства го одложувале евидентирањето на новородените деца, со што за овие лица се отежнува пристапот до образовните, медицински и други бенефиции подоцна во животот, поради немање соодветни документи за лична идентификација.

Злоупотреба на деца: Злоупотребата на децата претставуваше проблем во некои области. Застапниците за детските права уверуваа дека децата не пријавуваат злоупотреба поради стравот дека ќе бидат сместени во институции. Одговорни за прашањата поврзани за злоставување на децата се Центарот за социјална работа на Министерството за труд и социјална политика и Одделението за малолетничка деликвенција на Министерството за внатрешни работи. Властите воспоставија телефонска линија за семејно насилство, вклучувајќи ја и злоупотребата на децата.

Бракови под присила и рани бракови: Минималната законската возраст за брак е 18 години. Судот може да издаде дозвола за брак на лицата меѓу 16 и 18 години, ако утврди дека се ментално и физички способни за брак. Браковите под присила и раните браковите се случуваа во ромската заедница и, во многу помала мерка, во албанската етничка заедница. Тешко беше да се процени бројот на детските бракови, бидејќи тие ретко се регистрираат. Властите започнаа со примена на стратегии и акциски планови за подобрување на социјалната вклученост на ромската популација – пред сè младината – и со децентрализација на социјалните служби кои вклучуваат мерки за спречување на браковите во рана возраст.

Мерките предвидени да ги спречат раните бракови вклучуваа задолжително средно образование, отстранување на ромските дечиња од улиците и нивно сместување во забавишни центри и училишта; посебни социјални услуги за заедницата, советување во училиштата и помош, како и полесен пристап до основните здравствени услуги.

Осакатување/отсекување на гениталии кај жените: Нема закони што го забрануваат ова, но во текот на годината немаше информации за ваква практика кај деца.

Сексуална експлоатација на деца: Казните за комерцијална сексуална експлоатација на деца се движат меѓу 10 и 15 години затвор. Законот забранува детска порнографија, а казните за тоа се движат од пет до 15 години затвор. Минималната возраст за доброволен секс е 16 години. Властите сметаа дека детската комерцијална експлоатација претставува проблем, но не го знаеја нејзиниот обем. Државата постави на интернет регистар на лица осудени за трговија со деца и сексуална злоупотреба на децата, на кој се поставени фотографии, кривичните досиеја, како и адресите на живеење на осудениците за трговија со деца и за сексуално злоставување деца. Сторителите можат да побараат од властите да бидат отстранети од регистарот во рок од десет години по издржувањето на казната доколку не го повторат делото.

МАКЕДОНИЈА

Раселени деца: Според Министерството за труд и социјална политика, до септември биле регистрирани 96 раселени деца. Со меѓународна поддршка, Министерството за раководеше со пет дневни центри за децата од улица. Во октомври, 2013 Европската комисија оцени дека во прифатните центри 163 деца од ранливите категории посетувале часови во рамки на основното образование. Властите одржуваа транзитно засолниште за децата од улица, но сепак, неговиот мал капацитет ги ограничуваше напорите да се обезбедат соодветни социјални услуги.

Деца во институции: Поборниците за права и Канцеларијата на народниот правобранител известуваа за недостиг на отчетност во врска со случаите на детско запоставување и злоупотреба во сиропиталиштата, засолништата и центрите за притвор. Во оваа област, исто така, активни беа невладините организации и УНИЦЕФ.

Меѓународни киднапирања на деца: Од 1980 година, земјата е потписничка на Хашката конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното киднапирање деца. За повеќе информации видете ја следнава врска на Стејт департментот:

www. travel.state.gov/content/childabduction/english/country/macedonia.html

Антисемитизам

Еврејската заедница проценува дека во земјата живеат 250 до 300 Евреи. Нема извештаи за антисемитски активности.

Трговија со луѓе

Видете го Извештајот за трговија со луѓе на Стејт департментот: www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/.

Лица со физичка попреченост

Законот забранува дискриминација врз основа на физичка, сензорна, интелектуална и ментална попреченост при вработување, образование, воздушниот сообраќај и другите видови сообраќај или во пристапот до здравствената заштита и други државни услуги, но Властите не ги применуваа секогаш ефикасно овие одредби. Законот им овозможува на дискриминираните лица да ги достават своите жалби до Комисијата за заштита од дискриминација.

Со посебен закон се регулира користењето посебен владин фонд за стимулирање на вработеноста на лицата со физичка попреченост. Агенцијата за вработување управува со фондот под надзор на Министерството за труд и социјална политика. Фондот обезбедува бенефиции за идните работодавачи, како грантови за обновување на работните простории или набавка на опрема за работни места со цел да се обезбедат соодветни простории. Законот бара лицата со физичка или психичка попреченост да добијат одобрување од владината лекарска комисија за да можат да работат на раководни позиции и во приватниот и во јавниот сектор. (видете дел 7 г).

Законот налага новите градби да обезбедат пристап за лица со инвалидитет, а постоечките јавни градби да обезбедат пристап за инвалидизираните лица до 2015 година. Невладините организации јавуваа дека изградбата на пристапните рампи напредува слабо, но укажаа и на тоа дека законот треба да биде појасен во дефинирањето на условот „целосно пристапен“. Многу нови згради немаа пристапни тоалети. Јавниот превоз во голема мера е недостапен за лицата со физичка попреченост, иако сите нови автобуси купени во Скопје во последните две години од страна на Владата овозможуваа пристап. Исто така, Министерството за сообраќај и врски започна двегодишен проект за набавка на нови вагони и за реновирање на железничките станици во Скопје и во други десет градови за да ги приспособи на новите стандарди за пристапност.

МАКЕДОНИЈА

Министерството за образование и наука вложи напори за да обезбеди поддршка со која на децата со хендикеп ќе им овозможи посетување на редовните училишта. Беа вработени специјални едукатори, назначени или во одредено училиште или како „мобилни“ едукатори коишто ги покриваа училиштата во својата општина, за да им помогнат на наставниците коишто имаа деца со посебни потреби во своите одделенија. Училишните власти во неколку основни училишта вградија лифтови, како и технологија со која на учениците со посебни потреби ќе им се помогне да ги користат компјутерите во одредени основни и средни училишта. И покрај овие напори, голем број ученици со посебни потреби продолжија да посетуваат специјални училишта.

Национални/расни/етнички малцинства
Според пописот од 2002 година, етничкиот состав на населението било составено од 64,2 отсто Македонци, 25,2 отсто Албанци, 3,9 отсто Турци, 2,7 отсто Роми, 1,8 отсто Срби, 0,8 отсто Бошњаци, а 0,5 отсто Власи.

Односите меѓу етнички македонската и албанската заедница честопати беа затегнати. Неколку меѓуетнички инциденти предизвикаа протести што ги зголемија тензиите меѓу двете најголеми заедници. Етничките Албанци продолжуваат да се жалат на нееднаква застапеност во владините министерства и јавните претпријатија, иако застапеноста на етничките Албанци беше зголемена.

Во генерацијата ноември 2013 година, само еден од 13 студенти во Академијата за судии и обвинители, институција одговорна за почетно и континуирано образование на судии и обвинители, беше етнички Албанец. Другите беа Македонци. Етничките Албанци не беа доволно претставувани во судскиот систем. До јули, 79 проценти од судиите беа етнички Македонци и 15 беа етнички Албанци. Етничките Македонци претставуваа 81 отсто од судскиот помошен персонал, додека етничките Албанци беа 14 отсто.

Според Годишниот извештај на Народниот правобранител, етничките малцинства, со исклучок на етничките Срби и Власи, беа недоволно застапени во државната служба и други државни институции, вклучувајќи ги и војската, полициските сили и разузнавачките служби, како и во судовите, Народната банка, царината и јавните претпријатија. Законот предвидува основно и средно образование на македонски, албански, ромски, турски и српски јазик. Бројот на учениците од малцинствата кои добиваат средно образование на нивниот мајчин јазик продолжува да се зголемува, особено откако средното образование стана задолжително, иако Властите не беа во можност да обезбедат целосна настава на ромски јазик поради недостиг на квалификувани наставници.

Ромите пријавуваа широко распространета дискриминација во општеството. НВО и меѓународните експерти известуваа дека работодавачите честопати им ја ускратувале на Ромите можноста за работа, а некои Роми се пожалија на недостиг од пристап до јавните социјални фондови. Ромските деца беа застапени во поголем број во сегрегирани „специјални“ училишта за ученици со пречки во интелектуалниот развој. Ромските невладини организации, исто така, објавија дека сопствениците повремено им оневозможувале влез на Ромите во нивните објекти. Некои Роми немаат лични карти коишто им се потребни за да добијат пристап до владините услуги, како што се образованието, социјалната и здравствената заштита, иако ЕУ и УНХЦР работеа на обезбедување на лични документи за сите Роми.

Владата го финансираше спроведувањето на Националната стратегија за Ромите во рамките на нејзината заложба за одбележување на Декадата на Ромите 2005 - 2015 година, вклучително и со помош во образованието, домувањето, вработувањето и развојот на инфраструктурата. Сепак, со исклучок на образованието, средствата не беа доволни за да се постигнат позначајни резултати, особено во областа на здравствената заштита. Владата, исто така, продолжи да финансира информативни центри коишто им даваа упатства на Ромите за образованието, здравството и ресурсите за социјалната заштита. Зголемените фондови од невладините организации и од Владата имаа за цел да се отстранат пречките во образованието, вклучувајќи ги и условените парични трансфери за ромските ученици, што доведе до стабилна стапка на ученици коишто посетуваат училиште, особено во средните училишта.

МАКЕДОНИЈА

Етничките Турци се жалеа на дискриминација. Нивната најголема грижа беше бавниот напредок во постигнување правична застапеност во владините институции, како и на несоодветната застапеност на турскиот јазик во образованието и медиумите. Турскиот јазик е официјален јазик во четири рурални општини.

Чинови на насилство, дискриминација и друг вид малтретирање заради сексуална ориентација и родов идентитет

Ориентација и родов идентитет

Активистите коишто ги застапуват правата на заедницата на ЛГБТ пријавиле повеќе инциденти со општествени предрасуди, вклучително и физичко малтретирање и злоставување, употреба на навредлив јазик и во медиумите и од страна на властите. Хелсиншкиот комитет во Македонија најави кривични тужби против телевизиските водители Миленко Неделковски и Јанко Илковски за говор на омраза против членовите на заедницата на ЛГБТ во Македонија.

Во октомрви, група маскирани лица влегоа на настан со кој се одбележуваше двегодишнината на ЛГБТИ (лезбијки, педери, бисексуалци, трансексуалци и интерсексуалци) во Центарот за поддршка (со кој раководи Хелсиншкиот комитет) во Скопје, фрлаа стаклени шишиња врз гостите повредувајќи најмалку едно лице. До 4 ноември, полицијата немаше идентификувано, ниту уапсено ниедно осомничено лице. Во својата изјава во октомври, „Амнести интернешенел“ ги повика властите да спроведат брза и праведна истрага за нападот, и извести дека ова е шести напад на Центарот од неговото отворање во 2012 година. „Амнести интернешенел“ забележа дека пет од шесте напади останаа нерешени. Таа го критикуваше Министерството за внатрешни работи за неуспехот да го идентификува организираниот и дискриминациски мотив за нападите и што нападот го регистрира само како насилство од непознати напаѓачи. Заплашувањето не ги спречи организациите на ЛГБТ да пријавуваат инциденти на малтретирање. Но, ова не е случај за поединците. Во јуни, Центарот на ЛГБТИ организира јавен настан со кој се одбележа Неделата на гордоста, на кој немаше ниту проблеми ниту провокации. Полицијата беше видливо присутна на настанот.

Општествена стигма - основа на ХИВ и СИДА

Постоеја изолирани извештаи за дискриминација на лица со ХИВ/СИДА при вработување и пристап до здравствена заштита.

Дел 7. Работнички права

Додека работниците уживаат широка палета на права и заштита од законот, и честопати и во практиката, имаше многу примери во кои Власта не ги примени законите на ефикасен начин. Ресурсите за извршување, како инспекциите, како и санирањето, беа неадекватни. Казните за прекршување на законите за работни односи се движат од 500 до 1.200 евра (625 до 1.500 долари); но, тие не беа доволни за да се спречат повредите. Управните и судските постапки, главно, се предмет на долги одложувања.

а. Слобода на здружување и правото на колективно договарање

Законот предвидува право на формирање и здружување во независни синдикати, колективно да се договараат и да организираат легални штрајкови. Во практика, властите не го почитуваасекогаш ова право. Законот забранува дискриминација врз основа на учество во синдикат и налага враќање на работниците отпуштени за синдикална активност.

Законите дозволуваат за време на штрајк работодавачите да „отстранат“ или времено да отпуштат до 2 процента од работниците за кои веруваат дека се потенцијално насилни или ангажирани во „недемократски активности“ или ги попречуваат преговорите меѓу работниците и работодавачот. Работодавачите имаат обврска на работниците да им ги платат придонесите за време на нивното отстранување и повторно да ги вратат на работа по штрајкот. Ако властите го прогласат штрајкот за нелегален, работодавците може да ги отпуштат учесниците или да ги тужат за штета. За владините работници, како припадниците на армијата, полицијата и

МАКЕДОНИЈА

здравствените работници, важат порестриктивни закони. Законот го уредува бројот на владините работници што можат да стапат во штрајк (наспроти бројот кој мора да остане на работа) како и должината на штрајкот.

Работодавачите и од властите не ги почитуваа секогаш слободата на здружување, вклучувајќи го правото на штрајк и правото на колективно договарање. На пример, во септември, власта го измени Законот за образование за да ја олесни замената на наставниците кои штрајкуваа со привремени работници, откако наставниците најавија дека ќе штрајкуваат. Синдикатот на работниците во образованието, науката и културата, најголемиот синдикат на работници во јавниот сектор во земјата со 30.000 членови, го откажа планираниот штрајк по наводните притисоци врз неговите членови од страна на владините службеници од локалната и државната власт. Работничките организации генерално повеќе соработуваа со властите и работодавачите, отколку што се конфорнтираа.

На 6 мај, властите го уапсија Дејан Ставриќ, лекар кој го предводеше 52-дневниот штрајк на лекарите против Министерството за здравство во 2012 година, под обвинение за корупција. Ставриќ беше ослободен со кауција и ја очекува пресудата по жалбата (видете дел 1 г.)

Работниците го применуваа правото на штрајк, но синдикатите сметаа дека „одредбата за исклучување“ во Законот им дозволува на работодавачите да ги отстранат синдикалните лидери од учество во колективните преговори за време на штрајк.

б. Забрана на принудна или задолжителна работа

Законот забранува принудна или задолжителна работа, и властите ги применуваа овие закони. Законот предвидува минимална казна од четири години затвор за присилна работа. Но, и покрај тоа, жени и деца беа принудувани на работа во ресторани, барови и ноќни клубови. Децата Роми беа принудувани да питачат од страна на своите роднини. (видете дел 7 в) Исто така, видете го и Извештајот за трговија со луѓе на Стејт департментот на www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/.

в. Забрана на детски труд и минимална возраст за вработување

Минималната возраст за вработување е 15 години, иако деца коишто имаат 14 години можат да работат како чираци или како дел од официјална образовна програма. Законот забранува вработување на малолетни лица под 18-годишна возраст, за работа која е штетна за нивното психичко и физичко здравје и морал. Законот, исто така, забранува малолетните лица да работат ноќе или повеќе од осум часа дневно или 40 часа неделно. Властите не обезбеди ефективна примена на овој закон

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е одговорно за спроведување на законите кои го регулираат вработувањето на деца. Полицијата и МТСП, преку центрите за социјални работи, беа одговорни за спроведување на законите за принудно просење и трговијата со луѓе. Законот предвидува затворска казна од најмалку осум години за лица кои купуваат, продаваат, задржуваат или нудат малолетни лица за експлоатација. Доколку беа применувани, овие казни ќе беа доволни за да се спречи кршење на законот. Иако законите беа на сила, владините напори да се спречи присилното питачење на децата беа во голема мерка неефикасни.

Во текот на годината Министерството за труд и социјална политика финансираше уште еден дополнителен центар за образование, медицински и психолошки услуги за деца кои питачеа на улица. Министерството, исто така, финансираше и дополнителен центар за дневна грижа на децата во скопската населба Шуто Оризари, со кои раководеше НВО.

Имаше извештаи дека поединци го користат детскиот труд во сивата економија, пред сè деца кои питачат, чистат ветробрански стакла, продаваат цигари и други дреболии на отворените пазари, на улиците, баровите или ресторанте во текот на ноќта. Децата вклучени во вакви

МАКЕДОНИЈА

активности беа претежно Роми и најчесто работеа за нивните родители или членови на семејството. Официјални лица не ги казнуваа ваквите престапи и децата останаа подложни на експлоатација. Полицијата е задолжена за спроведување на законите против питачењето и трговијата.

Исто така, видете *Наоди за најтешките форми на детски труд* на Департментот за труд на www.dol.gov/ilab/reports/child-labor/findings/.

г. Дискриминација врз основа на вработување или занимање

Законите и прописите за работните односи генерално забрануваат дискриминација во однос на раса, пол, хендикеп, јазик, сексуална ориентација, здравствена состојба или социјален статус. Властитете не ги спроведуваа ефикасно овие закони. Постоеше дискриминација при вработување и занимање во однос на пол, хендикеп и одредени етнички групи (видете дел 6).

д. Прифатливи услови за работа

Законската минимална плата изнесуваше 8.800 денари (173 долари) месечно, освен во текстилната и во кожарската индустрија, каде што минималната плата беше 7.500 денари месечно (147 долари). Според официјалната статистика, просечната месечна нето-плата во август изнесуваше 21.217 денари (417 долари).

Законот предвидува 40-часовна работна седмица со минимум 24 часа одмор, платен одмор од 20 до 26 работни денови и боледување. Вработените не смеат да работат повеќе од осум часа неделно прекувремена работа, или 190 часа годишно. Според Колективниот договор меѓу Владата и синдикатите, вработените во јавниот и во приватниот сектор имаат право на надомест за прекувремена работа на 135 проценти од нивната редовна плата. Покрај тоа, законот им дозволува на вработените коишто имаат повеќе од 150 часа годишно прекувремена работа да добијат бонус од една месечна плата.

Сепак, многу работодавци ангажирале работници без да го почитуваат законот, а малите бизниси често барале од вработените да работат многу повеќе од законските граници. Националниот совет за безбедност и здравје при работа не беше целосно функционален. Минималната плата, работното време и стандардите за безбедноста и здравјето на работно место не се применуваа ефективно. МТСП вработуваше 123 инспектори. Кога тие ќе утврдеа прекршување на законот, инспекторите за труд имаа овластување да подигнат прекршочни постапки или да го затворат објектот додека работодавачот не ги острани прекршоците. Во случај на повторување на прекршоците, сопствениците беа казнувани со парични казни. Казните беа доволни да ги спречат прекршувањата; сепак, инспекторите не обезбедија придржување до законот. Во текот на минатата година, Трудовата инспекција на МТСП поднесе пријави против неколку бизниси коишто ги принудувале работниците на работат прекувремено без одмор, како што налага законот; за непријавување работници; неисплаќање на платите, придонесите и прекувременото труд; и за скратување на правото на одмор на работниците. Многу работодавачи вработувале работници без да се придржуваат до законот, а малопродажните бизниси често барале од работниците да работат надвор од законските рамки. Се проценува дека 22 отсто од работниците се во сивата економија. Иако работниците имаат право да избегнуваат ситуации што го загрозуваат нивното здреавје и безбедност без да постои опасност по нивното идно вработување, работодавачите не го почитувале секогаш ова право. Во периодот меѓу 2011 година и крајот на 2014 година, немаше поголеми индустриски инциденти во државата.